Лидија Брашер Тајд

# АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКАТА НА КАЗНУВАЊЕ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

Скопје, 2015

Автор/Author:
**Лидија Брашер Тајд**, Вонреден професор на Универзитетот во Хјустон, Оддел за политички науки
**Lydia Brashear Tiede**, Associate Professor, University of Houston, Department of Political Science

Уредник/Editor:
**Ана Новакова-Жикова**, Национален офицер за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје
**Ana Novakova-Zikova**, National Rule of Law Officer at the OSCE Mission to Skopje

Благодарност/Special thanks:
Посебна благодарност до Основниот суд Скопје 1 - Скопје за нивната поддршка и учество во проектот
Special thanks to the Basic Court Skopje 1 – Skopje for their support and participation in the project

| | |
|---|---|
| Превод: | Јасна Шоптрајанова |
| Translation: | Jasna Shoptrajanova |
| Тираж: | 250 примероци |
| Published in: | 250 copies |
| Печати: | Скенпоинт Скопје |
| Printed by: | Skenpoint Skopje |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
343.352:349.9.02]:343.24/.29(497.7)(047)
БРАШЕР Тајд, Лидија
Анализа на политиката на казнување за организиран криминал и корупција / Лидија Брашер Тајд ; [превод Јасна Шоптрајанова]. - Скопје : ОБСЕ, 2015. - 40, 44 стр. : граф. прикази ; 21 см
Фусноти кон текстот. - Библиографија кон главите. - Содржи и: Assessment of the sentencing policy for organized crime and coruption
ISBN 978-608-4630-89-0
I. Brashear Tiede, Lydia види Брашер Тајд, Лидија. - II. Тајд, Лидија Брашер види Брашер Тајд, Лидија. - III. Tajd, Lydia Brashear види Брашер Тајд, Лидија
а) Корупција - Организиран криминал - Изрекување казни - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 99436810

# Цел на анализата

Оваа анализа дава преглед на работата на специјализираното одделение на Основниот суд Скопје I - Скопје (понатаму во текстот „специјализирано одделение“) кое се занимава со организиран криминал и корупција на целата територија на поранешната југословенска Република Македонија. Специјализираното одделение е основано во 2007 година согласно Законот за судовите, член 32[1]. Специјализираното одделение ги применува Законот за судовите, домашниот Кривичен законик[2] и Законот за кривична постапка[3] во однос на организираниот криминал и корупцијата. Анализата се фокусира на работата на специјализираното одделение од 2007 година до почетокот на 2014 година и се стреми да ја евалуира работата на ова специјализирано одделение во поглед на видот на предмети по кои постапува и видот и распределбата на санкциите по овие предмети.

Првото поглавје ја опфаќа надлежноста на специјализираното одделение и податоците прибрани за анализата. Второто поглавје се однесува на праксата на одмерување казни на специјализираното одделение. Тука, фокусот е на опишување на кривичните дела по кои било постапувано и пропишаните и реалните казни досудени во прв и втор степен. По ова, третото поглавје од студијата дава компаративна анализа на праксата на одмерување казни и коментари за разликите меѓу праксите на казнување во поранешната југословенска Република Македонија и други земји. Анализата завршува со согледувања за казнувањето на организираниот криминал и корупцијата во земјата.

## I. Релевантно право и податоци

### A. Национално право за организиран криминал

Поранешната југословенска Република Македонија ги има ратификувано Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационален организиран криминал (the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, понатаму во текстот UNTOC)[4] и двата Протоколи од Палермо во однос на трговијата со луѓе и на трговијата со мигранти на 12 јануари 2005 година. Земјата потоа ги вгради обврските од UNTOC и нејзините протоколи во сопственото домашно законодавство. Поконкретно, Законот за судовите, усвоен во 2006 година, а изменет во текот на 2010 година, пропишува посебни одредби за борба против организираниот криминал и корупцијата и од 2007 година предвидува основање на специјализирано одделение во рамки на Основниот суд Скопје I - Скопје за постапување по ваквите предмети. Членот 32, исто така, ја наведува надлежноста на специјализираното одделение да суди по специфични предмети што се однесуваат на организиран криминал и корупција, вклучувајќи:

1 Закон за судовите, Службен весник на РМ бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008 and 150/2010.

2 Кривичен законик, Службен весник на РМ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014 и 199/2014.

3 Вклучувајќи ги и стариот Закон за кривична постапка, Службен весник на РМ бр. 15/1997, 44/2002, 74/2004, 83/2008, 67/2009 и 51/2011 и новиот Закон за кривична постапка, Службен весник на РМ бр. 150/2010 и 100/2012.

4 UNTOC стапи во сила на 29 септември, 2003 година. Ратификацијата на UNTOC од страна на поранешната југословенска Република Македонија вклучува резервација околу Член 35(2) на UNTOC која гласи дека „таа не се смета обврзана“ кон оваа одредба која „пропишува дека сите спорови околу толкувањето и примената на Конвенцијата ќе бидат проследени до Меѓународниот суд на правдата.”

- Кривични дела извршени од криминални организации или структуирани групи составени од три или повеќе лица каде за стореното дело е предвидена затворска казна од најмалку 4 години
- Злоупотреба на службената положба и овластувања
- Примање или давање поткуп
- Прифаќање награда за незаконито посредување
- Неовластено производство и пуштање во промет на наркотици, психотропни супстанци и прекурсори
- Перење пари и други приноси од криминал
- Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста
- Незаконито влијаење врз сведоци
- Злосторничко здружување
- Терористичко здружување
- Тероризам
- Трговија со луѓе
- Трговија со мигранти
- Трговија со малолетни лица

За првата категорија кривични дела што ги опфаќа оние извршени од структуирана група во која за наведеното дело е предвидена казна од најмалку четири години, казните за тие дела може да се најдат во Кривичниот законик. За сите други кривични дела за кои специјализираното одделение има надлежност, Членот 32 ги наведува конкретните одредби од Кривичниот законик кои поподробно го дефинираат основното дело и ги наведуваат потенцијалните казни за тие кривични дела.

## Б. Прибирање податоци

Со цел да се анализира работата на специјализираното одделение, Основниот суд Скопје I - Скопје со поддршка на Отсекот за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје изврши статистичка анализа на сите правосилно пресудени предмети од 2007 година до првиот дел од 2014 година. Специјализираното одделение во рамките на Основниот суд Скопје I - Скопје суди по сите предмети во областа на организираниот криминал и корупцијата за целата земја. Оттука, иако по предметите постапува само еден суд, тие се случуваат низ целата земја. Сите предмети во анализата на податоците, освен еден, го применуваат Законот за кривична постапка кој важеше пред донесувањето на новиот Закон за кривичната постапка од 2010 година кој овозможува спогодување за кривичната санкција.

Основниот суд Скопје I - Скопје и Отсекот за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје заеднички работеа на прибирањето на податоците и на анализата. Тим од двајца судии од Основниот суд Скопје I - Скопје, кои претходно работеле како судии што суделе по предмети во областа на организираниот криминал и корупцијата, ги разгледаа сите правосилни пресуди на специјализираното одделение од 2007 година до првиот дел од 2014 година. Овој преглед опфати 364 правосилни пресуди за 1,125 обвинети. Тимот од судии пополнуваше претходно изготвен Прашалник (Прилог 1) за сите обвинети осудени во оваа временска рамка, во поглед на видот на кривично дело, казната пропишана со закон, пресудената казна во прв и втор степен, како и отежнувачките и олеснувачките околности земени предвид за секој од обвинетите. Прашалникот беше изготвен во

соработка со тимот судии, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, и консултантска агенција што ги обработуваше податоците – Агенцијата Рејтинг. Истиот беше осмислен да обезбеди информации што може статистички да се обработат и вкрстено да се споредат за да дадат преглед на политиката на одмерување на казни применета во правосилно пресудените предмети од областа на организираниот криминал и корупција. Прашалникот е достапен во Прилогот 1.

## II. Практики на одмерување казна во рамките на специјализираното одделение за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I - Скопје

### A. Предмети разгледани во временската рамка

Како што е прикажано на сликата 1, предметите разгледани во оваа анализа ги опфаќаат годините од 2007 до почетокот на 2014 и за сите (со исклучок на еден предмет) се одлучувало според тогаш важечкиот Кривичен законик и Законот за кривична постапка кој важеше пред донесувањето на новиот Закон за кривичната постапка од 2010 година кој овозможува спогодување за кривичната санкција.[5] Специјализираното одделение одлучувало по 364 предмети во однос на целокупниот период. Како што се гледа на сликата 1, бројот на предмети по кои е одлучувано е доста рамномерно распореден по годините, со просек од околу 60 предмети годишно во текот на дадениот период, иако во примерокот имаше помал број предмети во 2007 година и 2013/14 година.




**Слика 1: Број на предмети пресудени од страна на специјализираното одделение, 2007-2014 година**

Овие 364 предмети по кои се постапувало од страна на специјализираното одделение отсликуваат осудителни пресуди за 1,125 обвинети. Табелата 1 дава расчленет приказ според одредбите од Кривичниот законик за секоја година и е подредена по опаѓачки редослед од вкупната зачестеност на обвинетите осудени за секое од кривичните дела.

5 Во 2010 беше донесен новиот Закон за кривичната постапка, меѓутоа неговата примена во пракса беше одложена и Законот стапи на сила на 1 декември 2013 година.

Вкупниот број на обвинети во 2013 паднал на 65, речиси една четвртина од бројот во 2009 година, во која специјализираното одделение донело пресуди за 231 обвинет. Во текот на годините опфатени со оваа анализа, голем број обвинети постојано се осудувани за кривични дела поврзани со трговијата со мигранти (член 418-б од КЗ).

**Табела 1. Број на обвинети, според кривично дело и година**

| Член од Кривичниот законик | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **418б/2** | 0 | 24 | 23 | 30 | 28 | 45 | 33 | 183 |
| **215/3** | 0 | 0 | 0 | 18 | 26 | 41 | 9 | 94 |
| **215/2** | 4 | 21 | 36 | 18 | 0 | 0 | 0 | 79 |
| **418в/2** | 0 | 9 | 4 | 2 | 8 | 21 | 3 | 47 |
| **418б/4** | 0 | 3 | 7 | 1 | 9 | 8 | 10 | 38 |
| **394/2, 353/5** | 0 | 0 | 0 | 38 | 0 | 0 | 0 | 38 |
| **353/5** | 10 | 5 | 1 | 15 | 4 | 0 | 0 | 35 |
| **418б/1** | 0 | 13 | 4 | 5 | 8 | 3 | 0 | 33 |
| **394/2, 357/2** | 0 | 0 | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30 |
| **418в/1, 418б/1** | 18 | 0 | 9 | 1 | 0 | 0 | 0 | 28 |
| **394/1, 357/1** | 0 | 0 | 1 | 0 | 25 | 0 | 0 | 26 |
| **353/3** | 8 | 2 | 13 | 3 | 0 | 0 | 0 | 26 |
| **418б/2, 418в/2** | 0 | 10 | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24 |
| **357/1** | 17 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 22 |
| **279/2** | 4 | 12 | 0 | 0 | 4 | 2 | 0 | 22 |
| **394/2, 396/2** | 0 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 |
| **394/1, 361/3** | 0 | 0 | 0 | 16 | 0 | 0 | 0 | 16 |
| **418г/2** | 0 | 5 | 0 | 2 | 9 | 0 | 0 | 16 |
| **418г/1** | 0 | 7 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | 15 |
| **273/5, 253/3** | 0 | 0 | 0 | 14 | 0 | 0 | 0 | 14 |
| **394/2, 60, 285/1** | 0 | 0 | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 |
| **258/2** | 0 | 8 | 0 | 4 | 1 | 0 | 0 | 13 |
| **394/2** | 0 | 2 | 2 | 0 | 8 | 0 | 0 | 12 |
| **273/5** | 0 | 0 | 0 | 1 | 11 | 0 | 0 | 12 |
| **394/2, 60** | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 |
| **215/1** | 0 | 2 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| **365/2** | 8 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| **418д/3** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 3 | 8 |
| **273/1** | 1 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 |
| **359/1** | 0 | 0 | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 | 8 |
| **276/1** | 0 | 0 | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 | 7 |
| **418в/1** | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 4 | 7 |
| **353/4** | 2 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| **273/2** | 1 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **353в/3** | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 6 |
| **357/2** | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| **368а/1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 2 | 6 |
| **394/2,278/2** | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| **418в/1, 418г/2** | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| **249/2** | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 5 |
| **353/3, 396/1** | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| **354/3** | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| **394/1** | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 | 0 | 0 | 5 |
| **394/1,261/3** | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| **394/1,396/2** | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| **418б/1, 418б/4** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 5 |
| **357/1, 394/2** | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| **327/2** | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| **353/1** | 1 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| **353/2** | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 |
| **361/1** | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| **396/3** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 4 |
| **418б/2, 418б/1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 4 |
| **418б/3, 418в/1** | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| **418б/1, 418в/2** | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| **123/2** | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| **141/2** | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 |
| **378/3** | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| **394/1, 215/3** | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| **418/2** | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 |
| **418а/1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 3 |
| **418а/1, 2, 3** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| **237/3, 292/1, 288/3** | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| **418б/1, 418в/1, 358/1** | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| **353/4, 273/2** | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| **418г3** | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| **215/2, 396/2** | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| **247/3** | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| **251/5** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| **313** | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| **394/1, 60, 285/1** | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| **394/2, 357/1** | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| **378/3, 394/2** | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| **415б/2** | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| **418а/2** | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| **418б/4, 418в/2** | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **394/2, 59, 60, 285/1** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **191/1** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **215/2, 215/1, 396/1** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **236/3** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **247/4** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **261/3** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **272/5** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **273/2, 247/4, 273/5** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **273/2, 249/1** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **273/3** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **278/3, 278/2** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **278/3, 358/1** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **279/2, 273/1** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **353/1, 353/5** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **353/4, 273/1** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **353/4, 273/5** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **353/4, 378/3** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **353/5, 353/3** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **353б/1** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **357/1, 396/2** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **358/1** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **359/2** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **363/2** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **364/2** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **378/1** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **394/1, 353/4, 285/1** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **394/1, 357/2** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **394/1, 288/1** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **394/2, 288/1** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **396** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| **418б/2, 418в/2, 396/2** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **418б/4, 418в/1** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **418б/4, 418в/4** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **Нема одговор** | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| **Вкупно** | **97** | **195** | **231** | **220** | **171** | **147** | **64** | **1125** |

## Б. Осудителни пресуди според видот на кривичното дело

Разгледаните кривични дела се оние што се наведуваат во членот 32 од Законот за судовите и се дадени во Кривичниот законик. Табелата 2 ја покажува зачестеноста и процентот од обвинетите осудени за најчестите кривични дела по кои постапува специјализираното одделение. Како чести ги дефинираме сите кривични дела кај кои најмалку 2% од обвинетите се осудени за исто кривично дело. Сите други кривични дела во Табела 2 се однесуваат на кривични дела што не се појавуваат често или што опфаќаат помалку

од 2% од обвинетите во нашите податоци. Некои од обвинетите се осудени за повеќе од едно кривично дело.

Табела 2 покажува дека **трговијата со луѓе** е најчестото кривично дело за кое се осудени обвинетите од примерокот. Конкретно, 39.53% од обвинетите во податоците се осудени за трговија со луѓе. Од овие 39.53% или 444 обвинети, најзастапени се обвинетите за трговија со мигранти според член 418-б од Кривичниот законик, што претставува 29.47% од осудителните пресуди во податоците. Осудителните пресуди според член 418-в (организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти) претставуваат 4.81% од обвинетите во примерокот, а на осудителните пресуди според член 418-г (трговија со дете) отпаѓаат 3.56% од обвинетите.

Наредните две најчести кривични дела за кои се осудени обвинетите, а не се поврзани со трговија со луѓе, се за **злосторничко здружување** (член 394 од КЗ) со 17.72% од обвинетите во примерокот и **неовластено производство и трговија со наркотици** (Член 215 од КЗ) со 16.47% од обвинетите од обработените податоци.

Осудителните пресуди за дела поврзани со јавната корупција не се толку чести. На пример, 8.46% од обвинетите од обработените податоци се осудени за злоупотреба на службената положба и овластувања (член 353 од КЗ), 3.83% за перење пари (член 273 од КЗ) и 3.03% за примање поткуп (член 357 од КЗ). Околу 2% од обвинетите во примерокот се осудени за даночно затајување (член 279 од КЗ). Околу 9% од обвинетите во примерокот се осудени за други кривични дела, за кои не повеќе од 2% од обвинетите се осудени за исто кривично дело.

### Табела 2: Преглед на кривични осудителните пресуди според член од Кривичниот законик

| Вид кривично дело (членови од Кривичниот законик) | Број на обвинети | % од примерокот |
|---|---|---|
| Трговија со луѓе (член 418) | 444 | 39.53% |
| Злосторничко здружување (член 394) | 199 | 17.72% |
| Неовластено производство и пуштање во промет на наркотици, итн. (член 215) | 185 | 16.47% |
| Злоупотреба на службената положба и овластувања (член 353) | 95 | 8.46% |
| Перење пари (член 273) | 43 | 3.83% |
| Примање поткуп (член 357) | 34 | 3.03% |
| Даночно затајување (член 279) | 23 | 2.05% |
| Сите други кривични дела за кои обвинението претставува помалку од 2% од податочниот примерок | 102 | 8.91% |
| **Вкупно** | **1125** | **100%[6]** |

Поконкретно расчленување според различни ставови за кривичните дела за кои е донесена пресуда може да се најде во Прилог 2.

6 Забележете дека поради заокружувањето на броевите на само две децимали, во оваа и во други табели во извештајот, процентниот збир не секогаш изнесува точно 100 проценти.

## В. Пропишани казни: задолжителни максимуми и минимуми

Ова поглавје ја прикажува распределбата на потенцијалните казни со кои обвинетите можеле да се соочат врз основа на делото наведено во нивните осудителни пресуди како што е покажано во Табела 1 погоре. Ова не се казните што им биле досудени на обвинетите во стварноста, туку казните што тие можеле потенцијално да ги добијат како што законот пропишува за секое од кривичните дела.

Табелите 3 и 4 го покажуваат процентот од обвинетите осудени за дела за кои се предвидуваат различни минимални или максимални казни. Задолжителните минимуми се метод кој законодавците го користат за да ја ограничат дискрецијата на судиите во казнувањето и за да сигнализираат дека одредени дела се толку сериозни што бараат определена минимална казна. Само под ограничени околности, предвидени во Кривичниот законик, на судиите им е дозволено да изречат казна под пропишаниот минимум. Законодавците ги користат задолжителните максимални казни за да дадат лимит на сериозноста на казната за определени дела. За секое дело не е пропишана задолжителна максимална казна.

Табела 3 покажува дека 53.5% од обвинетите се осудени за дело за кое е запретен задолжителен минимум од една година затвор или помалку (21.86% од обвинетите се соочиле со помалку од една година, а 31.64% од обвинетите се соочиле со казна од една година затвор). Со други зборови, над половина од обвинетите се соочиле со релативно ниски задолжителни минимуми од една година или помалку. Наредниот најчест минимум со кој се соочуваат обвинетите е пет години затвор, што опфаќа 15% од обвинетите. Околу 13% од обвинетите се соочиле со потенцијална минимална казна од четири години, додека околу 10% се соочиле со потенцијални казни од осум години затвор. Многу мал број од обвинетите (околу 1.51%) се имаат соочено со највисоката минимална казна од десет години. Во Прашалникот не е даден одговор или не постоел задолжителен минимум за 33 од обвинетите или за околу 3% од податоците.

**Табела 3: Распределба на пропишаните задолжителни минимални казни со кои се соочиле обвинетите од обработените податоци**

| Пропишан задолжителен минимум во законот Минимумот изнесува: | Број на обвинети | Процент од обвинетите осудени за кривични дела со потенцијална затворска казна со пропишан минимум | |
|---|---|---|---|
| Помалку од 1 година | 246 | 21.88% | 53.50% |
| 1 година | 356 | 31.64% | |
| 3 години | 55 | 4.89% | |
| 4 години | 141 | 12.53% | |
| 5 години | 170 | 15.11% | |
| 8 години | 107 | 9.51% | |
| 10 години | 17 | 1.51% | |
| Нема одговор или не е предвиден задолжителен минимум | 33 | 2.93% | |
| **Вкупно** | **1125** | **100%** | |

За казните со задолжителен максимум, дадени во Табела 4, најголем процент од обвинетите од податоците, 36.62%, се осудени за дело за кое е предвидена задолжителна максимална казна од 15 години затвор. Нареден најчест максимум со кој се соочиле обвинетите е пет години (26.67%), а потоа три години (19.47%). Кај околу 8.44% од обвинетите се сретнува осудителна пресуда за дела за кои е предвидена максимална казна од десет години. Максимумите од една и осум години не се среќаваат често во примерокот и се среќаваат во само 0.62%, односно 0.36%. Во околу 7% од анализираните обвинети, во Прашалниците или не е даден одговор, или пак осудителните пресуди се однесуваат на кривични дела за кои немало предвиден максимум.

**Табела 4: Распределба на пропишаните задолжителни максимални казни со кои се соочиле обвинетите од обработените податоци**

| Пропишан задолжителен максимум во законот Максимумот изнесува: | Број на обвинети | Процент од обвинетите осудени за кривични дела со потенцијална затворска казна со пропишан максимум |
|---|---|---|
| 1 година | 7 | 0.62% |
| 3 години | 219 | 19.47% |
| 5 години | 300 | 26.67% |
| 8 години | 4 | 0.36% |
| 10 години | 95 | 8.44% |
| 15 години | 412 | 36.62% |
| Доживотен затвор | 8 | 0.71% |
| Не е даден одговор/ или не е предвиден максимум | 80 | 7.11% |
| **Вкупно** | **1125** | **100%** |

Додека Табелите 3 и 4 даваат приказ на пропишаните казни врз основа на задолжителните минимуми и максимуми, Табела 5 ги покажува највообичаените опсези на казни (комбинации минимум и максимум) со кои обвинетите можеле да се соочат врз основа на делото за кое се осудени.

Иако Табела 5 е доста сеопфатна во однос на процентот од обвинетите во примерокот кои можеле да добијат казна во рамки на определен опсег, информациите се детално расчленети. Меѓутоа, треба да се забележи дека 69% од обвинетите или најголем дел од анализираните биле обвинети за кривични дела за кои имало само шест опсези на казни што се претставени во првите шест реда од табелата. Исто така, 23% од обвинетите се соочувале со затворска казна од 1 до 5 години.

**Табела 5: Со закон пропишан опсег на казни со кои се соочувале осудените обвинети**

| Опсег на казни пропишани во Кривичниот законик | Број на обвинети | % на обвинети | |
|---|---|---|---|
| Затворска казна од една година до најмногу пет години | 260 | 23.1% | **69.10%** од сите обвинети во анализираните предмети |
| Затворска казна од најмалку пет до најмногу 15 години | 165 | 14.7% | |
| Затворска казна од три месеци до најмногу три години | 100 | 8.9% | |
| Затворска казна од најмалку осум до најмногу 15 години | 91 | 8.1% | |
| Затворска казна од шест месеци до најмногу три години | 84 | 7.5% | |
| Затворска казна од најмалку четири до најмногу 15 години | 77 | 6.8% | |
| Затворска казна од најмалку три до најмногу 15 години | 36 | 3.2% | |
| Затворска казна од најмалку една до најмногу 15 години | 34 | 3.0% | |
| Затворска казна од една година до најмногу десет години | 22 | 2.0% | |
| Парична казна или затворска казна во траење до најмногу три години | 17 | 1.5% | |
| Парична казна и затворска казна во траење од најмалку четири години | 16 | 1.4% | |
| Затворска казна од три години до најмногу десет години | 12 | 1.1% | |
| Затворска казна од шест месеци до најмногу пет години | 10 | 0.9% | |
| Затворска казна од три месеци до најмногу пет години | 9 | 0.8% | |
| Најмалку десет години затворска казна до најмногу 15 години | 9 | 0.8% | |
| Најмалку десет години или доживотна затворска казна | 8 | 0.7% | |
| Парична казна или затворска казна of три месеци до најмногу една година | 7 | 0.6% | |
| Затворска казна од три години до најмногу осум години | 1 | 0.1% | |
| Затворска казна од пет години до најмногу десет години | 1 | 0.1% | |
| Парична казна или затворска казна од шест месеци до најмногу пет години | 1 | 0.1% | |
| Друго | 146 | 13% | |
| Нема одговор | 19 | 1.6% | |
| Вкупно | **1125** | **100%** | |

## Г. Практики на одмерување казна во прв степен

Специјализираното одделение може да ги опомене обвинетите со користење разни санкции, во опсег од неказнување до затворска казна. Меѓу овие две крајности, судот може, исто така, да ги осуди обвинетите на парична казна или да изрече алтернативни мерки. Слика 2 подолу го прикажува процентот од обвинетите според видот на казната. Овој процент е заснован на информациите расположливи во пополнетите прашалници во однос на бројот на обвинети кои ја добиле односната казна. Процентот не се однесува на вкупниот број на обвинети (1125), зашто речиси 150 прашалници не дадоа одговор на прашањето за првостепената казна (прашање 3 of Прашалникот во Прилог 1). Вклучувањето на податоците што недостигаат во баквите пресметки ќе доведе до резултати што наведуваат во погрешен правец.

Слика 2 јасно покажува дека мнозинство од обвинетите за кои се дадени информации во Прашалникот се осудени на казна затвор. Со други зборови, 84.45% од обвинетите

за кои имаме одговори во прашалникот добиле затворска казна. Ова е во остар контраст со сите други видови казни. Парични казни се досудени на околу 3% од обвинетите за кои се дадени одговори во Прашалникот, а алтернативни мерки на 8.5% од обвинетите. 3.7% од обвинетите добиле ослободителна пресуда, а 1.5% одбивателна пресуда. Овие резултати укажуваат на тоа дека видот кривични дела по кои постапува специјализираното одделение се во најголем дел доста сериозни и водат кон затворска казна.




**Слика 2: Видови кривични санкции во прв степен**

## *Затворска казна во прв степен*

Како што е наведено погоре, мнозинството обвинети добиваат затворски казни за кривичните дела за кои суди ова специјализирано одделение. Табелата 6 дава расчленет преглед на досудените затворски казни во прв степен, организирани според должината на затворската казна.

**Табела 6: Казни досудени во прв степен, според должина на казната**

<table>
<tr><th>Затворска казна досудена во прв степен</th><th>Обвинети</th><th>% на осудени обвинети</th><th colspan="2">Збирно %</th></tr>
<tr><td>0 затворска казна</td><td>177</td><td>15.73%</td><td rowspan="2">0 до 1 година<br>35.64%</td><td rowspan="3">0 до ≤2 години<br>50.04%</td></tr>
<tr><td>≤ 1 година</td><td>224</td><td>19.91%</td></tr>
<tr><td>>1 година, но ≤ 2 години</td><td>162</td><td>14.40%</td><td></td></tr>
<tr><td>>2 години, но ≤ 3 години</td><td>125</td><td>11.11%</td><td rowspan="3" colspan="2">2 до <8 години<br>41.24%</td></tr>
<tr><td>>3 години, но ≤ 5 години</td><td>188</td><td>16.71%</td></tr>
<tr><td>>5 години, но ≤ 8 години</td><td>151</td><td>13.42%</td></tr>
<tr><td>>8 години, но ≤ 10 години</td><td>36</td><td>3.20%</td><td rowspan="3" colspan="2">8 години до доживотен<br>6.14%</td></tr>
<tr><td>>10 години, но ≤ 15</td><td>30</td><td>2.67%</td></tr>
<tr><td>Доживотен затвор</td><td>3</td><td>0.27%</td></tr>
<tr><td>Без одговор</td><td>29</td><td>2.58%</td><td colspan="2">2.58%</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>1125</td><td>100%</td><td colspan="2">100%</td></tr>
</table>

Како што е покажано во Табела 6, мнозинството казни досудени на обвинетитете во примерокот во просек се помали или еднакви на 2 години. Со други зборови, околу 50% од примерокот добиле казна во опсег од 0 до 2 години. Ова воопшто не изненадува кога ќе се земе предвид дека задолжителниот минимум со кој се соочуваат над 50% од анализираните обвинети е една година или помалку, како што е покажано во претходната Табела 3. Казните во опсег од 2 години до најмногу 8 години се следните најчести казни и на нив отпаѓаат 41.24% од податоците.

Кога се споредуваат добиените казни со задолжителните максимуми, овие максимуми ретко се дел од пресудата. На пример, 15 години е најчестиот максимум пропишан со закон во анализираните податоци, што претставува 36.62% од потенцијалните казни за обвинетитете (види Табела 4). И покрај ова, само околу 3% од обвинетитете навистина добиле казна поголема од 10 години.

Поконретно расчленување на овие затворски казни што ги добиле обвинетите може да се најде во Прилогот 2.

Во Табела 7, подетално се занимаваме со праксата на казнување за најчестите кривични дела наведени во Табела 2. Тука, анализата ги опфаќа просечната казна што ја добиле обвинетите за секој тип кривично дело, стандардната девијација (s.d), и бројот на обвинетите од анализираните податоци вклучени во просечните пресметки, означено со N. Потоа просечните фактички казни се споредени со просечните задолжителни минимуми и максимуми со коишто се соочувале обвинетите за кривичните дела за кои има осудителни пресуди. N варира за секоја од пресметките на просекот, зашто некои информации во случај на конкретен обвинет недостасуваат. Исто така, во фусности ги забележуваме трите случаи во кои обвинетите добиле казни доживотен затвор. Казните доживотен затвор не се вклучени во просекот на добиени казни, зашто е невозможно да се наведе нумеричка вредност за казната доживотен затвор, бидејќи зависи од возраста и здравствената состојба на обвинетиот, а дури и мал број казни доживотен затвор би го деформирал просекот кон повисока вредност.

Цел на Табела 7 е да даде приказ на просечните казни што ги имаат добиено обвинетите во споредба со задолжителните минимуми и максимуми. Бидејќи табелата ги покажува само просеците на сите казни во дадена категорија кривични дела, секоја евентуална генерализација на резултатите треба да се прави претпазливо. Табелата 7 не зема предвид околу 9% од обвинетите што биле обвинети за поединечни кривични дела кои претставуваат помалку од 2% од вкупниот примерок податоци.

Општо земено, Табела 7 покажува дека **просечните казни досудени за повеќето кривични дела се блиски или поголеми од просечните минимални казни пропишани со закон**, а пониски од просечните максимални казни. Со други зборови, просечните казни досудени од специјализираното одделение генерално потпаѓаат во опсегот предвиден со закон. Сепак, за некои од кривичните дела просечната казна била нешто пониска од просечниот пропишан минимум.

Најчести осудителни пресуди од специјализираното одделение се за делата во врска со **Трговија со луѓе**, прикажани во првиот ред, и за нив се товарат околу 40% од сите обвинети. Специјализираното одделение ги има осудено обвинетите за сите видови

кривични дела Трговија со луѓе на просечна затворска казна од 2.62 години, иако досудените казни се во опсег од 0 до 13 години. Просечната досудена казна е само 0.63 години под просечната минимална казна за овој вид криминал, што изнесува 3.25 години во затвор.

Покрај кривичните дела од Трговија со луѓе, специјализираното одделение има просечни казни нешто под просечниот пропишан минимум за три други кривични дела: Злоупотреба на службената положба; Примање поткуп и Даночно затајување. За **Злоупотреба на службената положба**, досудената просечна казна за обвинетите осудени за ова кривичено дело е 3.23 години. Ова е за 0.11 години под просечниот задолжителен минимум за ова кривично дело, што изнесува 3.34. Просечниот пропишан максимум е 13.10 години. За **Примање поткуп**, просечната казна досудена на обвинетите осудени за ова кривично дело е 1.64 години. Ова е за околу 1 година пониско од пропишаниот минимум од 2.69 години и е за 7.62 години под пропишаниот просечен максимум од 9.26 години. Конечно, специјализираното одделение ги има осудено обвинетите за **Даночно затајување** на 3.38 години во просек. Ова е за околу 6 месеци пониско од просечниот задолжителен минимум од 3.87 години и за речиси 10 години под важечкиот просечен задолжителен максимум од 13.33 години.

Иако горенаведените просечни казни се нешто под просечните минимуми, сите други просечни казни за најчестите кривични дела се блиску до просечниот пропишан минимум или нешто над него. За кривични дела поврзани со **Злосторничко здружување**, наредното најчесто кривично дело за кое се осудени околу 18% од обвинетите, Табела 7, колона 1, ред 2 покажува дека специјализираното одделение изрекло казни во опсег од 0 до 15 години за 195 обвинети. Просекот на сите казни за оваа категорија кривични дела е 3.65 години, доста над просечниот минимум пропишан за ова дело (1.41 години) и под просечниот максимум од 6.30 години.

За **Неовластено производство и трговија со наркотици** просечната казна е 3.81 или речиси 4 години иако просечниот задолжителен минимум е под 3 години. За **Перење пари** просечната казна е 2.78 години, споредено со просечниот задолжителен минимум од 2.51 години.

Табела 7 открива дека казните на специјализираното одделение се главно во рамките на пропишаните опсези на одмерување казна (задолжителни минимуми и максимуми). За кривичните дела каде просечната казна е под просечниот минимум, отстапувањето во надолна линија генерално изнесува од околу 6 месеци до 1 година.

Интересно е што повеќето кривични дела наведени во Табела 7 носат слични просечни казни, кои се протегаат од најниските 1.64 години затворска казна за Примање поткуп до 3.81 години за дела поврзани со дрога. Со други зборови, и покрај опсегот кривични дела по кои суди одделението, просечните казни за најчестите кривични дела се под 4 години затворска казна.

## Табела 7: Досудена затворска казна во споредба со можните задолжителни минимуми и максимуми за најчестите категории криминал[7]

| (1) ВИД КРИВИЧНО ДЕЛО (членови од Кривичниот законик) | (2) ДОСУДЕНА КАЗНА | | | | (3) ПРОСЕЧЕН ЗАДОЛЖИТЕЛЕН МИНИМУМ | | | | (4) ПРОСЕЧЕН ЗАДОЛЖИТЕЛЕН МАКСИМУМ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОПСЕГ (години) | ПРОСЕК (години) | (s.d) | N (обвинети) | ОПСЕГ (години) | ПРОСЕК (години) | (s.d) | N (обвинети) | ОПСЕГ (години) | ПРОСЕК (години) | (s.d) | N (обвинети) |
| Трговија со луѓе (сите поврзани со член 418) (39.53% од пресудените предмети) | 0-13 | 2.62 | 2.45 | 431 | 0.5-10 | 3.25 | 3.04 | 437 | 5-15 | 9.44 | 4.96 | 405 |
| Злосторничко здружување (член 394) (17.72% од пресудените предмети) | 0-15 | 3.65 | 3.63 | 195[8] | 0-5 | 1.41 | 1.75 | 196 | 3-15 | 6.30 | 4.29 | 188 |
| Неовластено производство и пуштање во промет на наркотици, итн. (член 215) (16.47% од пресудените предмети) | 0-15 | 3.81 | 3.34 | 179[9] | 0.5-5 | 2.96 | 2.17 | 184 | 3-15 | 9.59 | 5.79 | 184 |
| Злоупотреба на службената положба и овластувања (член 353) (8.46% од пресудените предмети) | 0-15 | 3.23 | 3.34 | 92 | 0.25 -5 | 3.34 | 1.56 | 83 | 3-15 | 13.10 | 3.98 | 81 |

7 Опсегот се однесува на распонот на миминална и максимална казна пропишани со закон; Просекот се однесува на просечната казна досудена од специјализираното одделение; (s.d) се однесува на стандардната девијација: и N се однесува на бројот обвинети од вкупнот број од 1125 обвинети вклучени во анализата

8 На еден обвинет му е изречена казна доживотен затвор за злосторничко здружување и таа не е вклучена во просекот.

9 На двајца обвинети им е изречена казна доживотен затвор за Неовластено производство и пуштање во промет на наркотици и тие не се вклучени во просекот.

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Перење пари (член 273)**<br><br>**(3.83% од пресудените предмети)** | 0-13 | 2.78 | 3.08 | 40 | 1-5 | 2.51 | 1.94 | 41 | 3-15 | 9.60 | 4.74 | 37 |
| **Примање поткуп (член 357)**<br><br>**(3.03% од пресудените предмети)** | 0–5.5 | 1.64 | 1.35 | 34 | 0.25 -5 | 2.69 | 1.69 | 29 | 5-15 | 9.26 | 2.18 | 34 |
| **Даночно затајување (член 279)**<br><br>**(2.05% од пресудените предмети)** | 0-7 | 3.38 | 2.62 | 22 | 1-4 | 3.87 | 0.63 | 23 | 10-15 | 13.33 | 2.58 | 6 |

## *Парични казни и алтернативни мерки во прв степен*

Како што е кажано погоре, најголемиот број обвинети осудени од страна на специјализираното одделение добиле затворска казна. **Само 3% или 34 обвинети од примерокот за кој се дадени информации добиле само парична казна.**

Од оние кои добиле парична казна, повеќето (односно 47%) биле во опсегот од 100.000 до 200.000 денари. Помалите и поголемите парични казни претставуваат многу помал дел од обработените податоци, како што е покажано во Табела 8. Околу 18% од обвинетите од обработените податоци немаат дадено одговор во однос на износот на паричните казни.

**Табела 8: Парични казни како казна досудена во прв степен**

| Опсег на паричната казна | % | Број на предмети |
|---|---|---|
| Од 50.000 до најмногу 100.000 денари | 11.8% | 4 |
| Од 100.000 до најмногу 200.000 денари | 47.1% | 16 |
| Од 200.000 до најмногу 300.000 денари | 2.9% | 1 |
| Од 300.000 до најмногу 400.000 денари | 8.8% | 3 |
| Над 500.000 денари | 11.8% | 4 |
| Нема одговор | 17.6% | 6 |
| **Вкупно** | **100%** | **34** |

Околу осум проценти од обвинетите во анализираните податоци (или вкупно 93 обвинети), онаму каде се дадени информации, имаат добиено алтернативни санкции во прв степен, наместо затворска казна или парична казна. Сите овие алтернативни мерки опфаќаат и условна затворска казна. Понатаму, идентификацијата на видовите условни казни е дадена во Табела 9 подолу. Само во еден предмет на обвинетиот му е досудена казна што предвидува условна затворска казна и трајно протерување на лицето од земјата, поради неговиот статус на странец.

**Табела 9: Алтернативни казни во прв степен**

| | **%** | **Број на обвинети** |
|---|---|---|
| условна казна | 81.0% | 75 |
| условна казна 2 години за 5 години | 4.2% | 4 |
| условна казна 2 за 5 години и 100.000 денари | 3.1% | 3 |
| условна казна 1 година за 3 години | 3.1% | 3 |
| условна казна 1 година за 2 години | 2.2% | 2 |
| условна казна 6 месеци за 2 години | 2.2% | 2 |
| условна казна 1 година и 6 месеци за 3 години | 1.1% | 1 |
| условна казна 2 години за 4 години | 1.1% | 1 |
| условна казна 2 години за 3 години | 1.1% | 1 |
| условна казна/протерување странец од земјата засекогаш | 1.1% | 1 |
| **Вкупно** | **100%** | **93** |

## *Други казни во прв степен*

Покрај затворските казни, паричните казни и алтернативните мерки, специјализираното одделение има досудено и неколку други варијации при казнувањето. Во мошне мал број предмети за кои беа дадени информации, специјализираното одделение ја има ублажено казната. Сепак, во ниеден случај ублажувањето не е конкретно нагласено во Прашалниците користени при обработката на предметите за секој од обвинетите.

Исто како ублажувањето, и ослободителната пресуда се случува многу ретко. Четириесет и еден обвинет или 3.7% од анализираните предмети имаат добиено ослободителна пресуда во прв степен. Слично, за само 17 обвинети или 1.5% е одбиено постапување во прв степен поради правни пречки за мериторно одлучување по предметот.

Конечно, треба да се напомене дека за анализираните предмети на обвинетите, Законот за кривична постапка од 2010 година, којшто предвидува можност за спогодување за кривичната санкција сè уште не беше во сила, освен за еден обвинет од сите анализирани предмети.

Прашалникот користен за кодирање на податоците (т.е Прилог 1) остава простор за извесен наративен опис на предметите. Само 3 прашалници, од вкупно 1125, содржеа наративни извадоци од пресудите донесени од првостепените судови. Во една пресуда е дадена мерката “под засилен надзор“, а во два други случаи пресудите се отфрлени заради наведените кривични дела поврзани со други предмети.

## Д. Практики на одмерување на казната во втор степен

Во ова поглавје разгледуваме дали различните видови казни биле потврдени во втор степен и ако се воведени некои измени – какви биле тие. Сепак, важно е да се нагласи дека иако сите анализирани предмети биле со правосилна одлука, судот дал информации за второстепената казна во само половина од обработените предмети, односно од вкупно 1125 обработени прашалници, само половина или 512 прашалници содржеа информации за второстепената пресуда. Без оглед на податоците што недостигаа, примерокот од 512 прашалници или 45.52% од сите пресудени предмети се смета за репрезентативен примерок за определување на политиките на одмерување казни во врска со организираниот криминал и корупцијата. Информациите дадени подолу ги отсликуваат наодите од овој репрезентативен примерок.

### *Затворска казна во втор степен*

Се чини дека повеќето казни затвор изречени во прв степен се потврдени во втор степен. Во Табела 10 го наведуваме процентот од обвинетите заедно со процентот предмети каде одлуката во прв степен била потврдена, изменета или укината. Од сите предмети, 87.11% од предметите од прв степен се потврдени во втор степен, а 2.73% од казните за обвинетите се укинати. Со други зборови, од вкупно 512 прашалници со информации за второстепена пресуда, **огромно мнозинство од казните во прв степен биле потврдени,** што укажува на големо уважување на процесот на разгледување во прв степен. Предметите што не биле ниту потврдени, ниту укинати, биле изменети на некој начин. Секоја од конкретните измени се случува доста ретко. Овие конкретни измени и нивната зачестеност се дадени во Табела 10.

**Табела 10. Затворски казни во втор степен**

| Затворски казни досудени во втор степен | % | Број на обвинети |
|---|---|---|
| Потврдени | | 446 |
| Укинати | | 14 |
| изменети 1 година | | 7 |
| изменети 1 година и 6 месеци | | 7 |
| изменети 3 години | | 7 |
| изменети 2 години | | 4 |
| изменети 10 месеци | | 4 |
| изменети 5 години и 6 месеци | | 4 |
| изменети 2 години и 10 месеци | | 2 |
| изменети 7 месеци | | 2 |
| изменети 4 години | | 2 |
| изменети делумно 5 години | | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| изменети 1 година и 7 месеци | | 1 |
| изменети 2 години и 6 месеци | | 1 |
| изменети 3 години и 6 месеци | | 1 |
| изменети 5 години | | 1 |
| изменети 6 години и 6 месеци | | 1 |
| изменети 6 месеци | | 1 |
| изменети 7 години | | 1 |
| изменети во парична казна | | 1 |
| изменети 10 години | | 1 |
| изменети 5 месеци | | 1 |
| Изменети | | 1 |
| Делумно изменети | | 1 |
| **Вкупно** | **100%** | **512** |

## *Парични казни и алтернативни мерки во втор степен*

Бидејќи повеќето од 512-те прашалници со податоци во врска со изречената казна во втор степен се однесуваат на затворска казна или пак за нив недостасуваат податоци, информациите во поглед на паричните казни и алтернативните мерки во второстепените одлуки се минимални.

Во однос на алтернативните мерки изречени во прв степен, многу од нив се потврдени во втор степен. Алтернативните мерки изречени во прв степен се потврдени во втор степен за 10 од 23 обвинети, односно за 43.5% од обвинетите. Сепак, за 7 од обвинетите првостепената пресуда била сменета во условна казна, а за 6 од обвинетите нивната алтернативна казна е на некој начин изменета. Но, на секоја евентуална генерализација на овие трендови треба да се пристапи внимателно, зашто тука се работи за многу мал процент од вкупно обработените податоци (односно, за само 23 обвинети).

## *Ослободителни и одбивателни пресуди во втор степен*

Во репрезентативниот примерок од 512 прашалници што содржат податоци за изрекувањето казни во втор степен, на 0.8% од обвинетите им е изречена ослободителна пресуда (односно на 9 обвинети), а за 0.3% (односно 3 обвинети) е донесена одбивателна пресуда во втор степен.

## *Понатамошни објаснувања во втор степен*

Само четири прашалници содржеа извадоци од образложението на второстепената пресуда во врска со одмерувањето казна. Тие вклучуваа информации дека во два предмети

пресудите биле потврдени, додека во другите два предмети пресудата била укината преку користење вонреден правен лек.

### *Олеснувачки и отежнувачки околности во втор степен*

Основниот суд Скопје 1 Скопје забележа дека истите олеснувачки и отежнувачки околности често се повторуваат и се заеднички за сите предмети опфатени со оваа проценка. Следи резиме на најчестите олеснувачки и отежнувачки околности споменати од судечките судии во предметите на овие обвинети.

Најчестите олеснувачки околности земени предвид при одмерувањето на казната се:

- Личните и семејните околности на обвинетиот;
- Претходни осудителни пресуди против обвинетиот
- Против обвинетиот не се води постапка за друго кривично дело.

Најчести отежнувачки околности земени предвид при одмерување на казните се:

- Честото извршување кривични дела;
- Заканата од некои видови кривични дела;
- Степенот на кривична одговорност;
- Начинот на извршување на делото и упорноста на сторителот;
- Поранешна осудуваност;
- Последици на кривичното дело;
- Кривични дела извршени од неколкумина сторители;
- Мотивацијата за извршување на кривичното дело;
- Обвинетиот е во бегство и е недостапен за органите на прогонот.

## Ѓ. Резиме и импликации од емпириската анализа

Сумарно претставено, специјализираното одделение се чини дека е високо-функционален суд што работи согласно мандатот од членот 32 од Законот за судовите. Постоењето на едно специјализирано одделение за организиран криминал и корупција за целата земја обезбедува дека законот се применува доследно, без поголеми отстапувања. Специјализираното одделение постапува по околу 60 предмети годишно.

Мнозинството предмети против обвинетите предвидуваат минимални казни од една година или помалку, а максимални од 15 години. Во пракса, најголемиот број казни предвидуваат некаков вид затворска казна. Од нив, 50% предвидуваат казни до 2 години, а 41% предвидуваат казни од 2 до 8 години. Мал број предмети содржат долги затворски казни или алтернативини мерки или парични казни.

Во просек, казните на специјализираното одделение за најчестите кривични дела влегуваат во опсегот или се блиску до опсегот на просечните законски минимуми и максимуми.

За кривични дела што вклучуваат Трговија со луѓе, Злоупотреба на службената положба, Примање поткуп и Даночно затајување, просечната казна е нешто под просечниот законски минимум. За Злоупотреба на службената положба, разликата меѓу стварната просечна казна и просечниот законски минимум е мошне мала. Сепак, за делата од областа на Трговија со луѓе, коишто се и најголем дел од предметите пред Одделението, просечната казна е околу 6 месеци под просечниот минимум, а за примање поткуп, просечната казна е околу една година под просечниот минимум. Иако може да има добри причини за отстапување од минимумот во конкретни предмети, специјализираното одделение и законодавството би можеле и поблиску да ги следат овие категории кривични дела за да обезбедат дека казните се усогласени со другите цели на казнувањето за извршени кривични дела, како што се одвраќање, задоволување на правдата, и пропорционалност. Понатаму, бидејќи трговијата со мигранти претставува најголем дел од кривичните дела во работата на специјализираното одделение, треба да се преземат и други мерки, надвор од судот, за борба против овој криминал, како што се засилени контроли на границите и санкции против соседните земји кои немаат цврсти методи за откривање на овие кривични дела.

Анализата воедно покажува дека првостепените пресуди поврзани со корупција и организиран криминал обично се потврдуваат во втор степен. Специјализираното одделение доколку има интерес би можело и подетално да ја анализира делотворноста на вторстепеното одлучување и да утврди дали таа обезбедува доволна контрола на одлуките што ги донесуваат судиите во прв степен. Од една страна, високата стапка на потврда во втор степен може едноставно да го отсликува високото ниво на професионализам во ова Одделение и генерално го охрабрува уважувањето на одлуките на судиите во прв степен. Од друга страна, високото ниво на потврдување може да сигнализира дека второстепеното одлучување не е доволно ригорозно. Во секој случај, треба да се изврши натамошна анализа за да се утврди зошто постои вакво високо ниво на потврдување во втор степен.

Конечно, анализата беше речиси целосно ограничена на работата на специјализираното одделение пред воведувањето на институтот спогодување за кривична санкција. Всушност, само еден случај во целата анализа на предметите ја вклучуваше новата постапка за спогодување за кривичната санкција. Се предвидува дека со воведувањето на спогодувањето за кривичната санкција казните во просек ќе бидат пониски од оние анализирани тука, зашто обвинителите може да го поттикнат спогодувањето за кривичната санкција доколку им понудат на обвинетите опции што се подобри од оние што би произлегле од долгата постапка на судење. Оттука, треба да се изврши натамошна анализа во врска со ефектите на спогодбите врз одлуките за одмерување на казните од страна на Одделението. Доколку спогодувањето за кривичната санкција предизвика натамошно опаѓање на казните, тогаш законодавците и судиите можеби ќе сакаат да ги сменат своите политики во врска со казнувањето на овие кривични дела.

## III. Компаративни практики на одмерување казни

Со Законот за судовите е основано специјализираното одделение при Основниот суд Скопје I - Скопје кое решава по сите предмети поврзани со организиран криминал за

целата земја. Како што е кажано претходно, надлежноста на специјализираното одделение е ограничена на организирани кривични дела наведени во член 32[10] од домашниот Закон за судови. Овој член е донесен во согласност со тоа што земјата ја има ратификувано Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационален организиран криминал (the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, UNTOC)[11]. Општо земено, во националниот систем на кривично право казните за организиран криминал и корупција ги содржат задолжителните минимални затворски казни, иако во неколку случаи наместо затворски може да се користат и парични казни. Судиите може да отстапат од задолжителните минимуми како што е пропишано со Кривичниот законик, член 40 и член 41.

Треба да се забележи дека не сите кривични дела дефинирани во домашниот Закон за судови се директно споредливи со делата од организиран криминал и корупција во други земји. Ова се должи на фактот што дефинициите за секое од кривичните дела и отежнувачките и олеснувачките околности значително варираат во различни земји.

Понатаму, иако земјата ги има моделирано своите практики за справување со организираниот криминал според одредбите на UNTOC, самата UNTOC не пропишува конкретни казни за делата на организиран криминал. Обединетите нации, во својата публикација Урнеци за законодавни одредби против организираниот криминал (*Model Legislative Provisions against Organized Crime,* 2012),[12] конкретно наведува дека нејзините урнеци за одредби намерно не даваат информации за тоа какви казни треба да се бараат при гонењето на овие кривични дела:

> *,,Одразувајќи го пристапот што кон ова прашање го има Конвенцијата против организиран криминал, во овие урнеци за законодавни одредби не се специфицирани казни. Според член 11, став 1, секоја држава – потписничка треба да утврди дека извршувањето на делото, утврдено согласно членовите 5, 6, 8 и 23 од Конвенцијата, подлежи на санкции кои ја земаат предвид тежината на престапот. Со ваквата поставеност, прашањето на казни е препуштено на дискреција на државите. При поставувањето на казните, важно е да се обезбеди дека инкриминациите утврдени за да се отелотвори Конвенцијата ги задоволуваат заедничките критериуми за*

10 Член 32 од Законот за судовите, Службен весник на РМ бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008 и 150/2010, пропишува: “(1) Во Основниот суд Скопје I - Скопје се формира специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Македонија. Специјализираното судско одделение е надлежно да суди за:
- кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да се стекне со финансиска или друга корист,
- кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на територијата на Република Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Македонија или во друга држава,
- кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став 5, примање на поткуп од значителна вредност од членот 357 и противзаконито посредување од членот 359 сите од Кривичниот законик, извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и
- кривични дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супсанции и прекурсори од членот 215 став 2, перење пари и други приноси од казниво дело од значителна вредност од членот 273, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од членот 313, давање поткуп од поголема вредност од членот 358, незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а, злосторничко здружување од член 394, терористичка организација од членот 394-а, тероризам од членот 394-б, кривични дела трговија со луѓе од членот 418-а, кривични дела криумчарење со мигранти од членот 418-б, трговија со малолетно лице од членот 418-г и за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите“

11 https://www.unodc.org/documents/middleeastandnorthafrica//organised-crime/UNITED_NATIONS_CONVENTION_AGAINST_TRANSNATIONAL_ORGANIZED_CRIME_AND_THE_PROTOCOLS_THERETO.pdf

12 Достапно на:
http://www.unodc.org/documents/organized-crime/Publications/Model_Legislative_Provisions_UNTOC_Ebook.pdf

> *меѓусебна правна помош и екстрадиција. Во многу контексти меѓународната соработка, како што се меѓусебната правна помош и екстрадицијата ќе биде дадена само доколку за делото е предвидена затворска казна од најмалку една година."*[13]

Ова поглавје дава споредбен преглед на дефинициите и пристапите кон организираниот криминал на другите земји, а согласно со материјалните одредби на UNTOC во членовите 5, 6, 8, 23 и дополнителните протоколи. Кривичните законици користени за оваа анализа може да се најдат на пребарувачот "Sherloc" на веб-сајтот на Обединетите Нации, што им овозможува на истражувачите и креаторите на политики да ги погледнат законодавствата за организиран криминал на другите земји. Овој веб-сајт е организиран со вкрстено упатување на одредбите од законодавствата на одредена земја со членовите на UNTOC. На пребарувачот се пристапува од http://www.unodc.org/cld/index-sherloc.jspx со одбирање на "database of legislation".

Иако се чини дека веб-сајтот е сеопфатен, тешко е да се знае колку често се ажурира. Оттука, можно е дека законодавството достапно преку овој сајт било ажурирано во меѓувреме. Сепак, корисно е да се забележи како другите земји ги вградиле одредбите на UNTOC во своето домашно право. Ова поглавје е организирано со споредување на националните практики на казнување со оние на другите земји во однос на протоколите од Палермо кои се однесуваат на Трговија со луѓе, како и на четирите главни материјални члена на UNTOC (членови 5, 6, 8, и 23).

## ➢ *Конвенции од Палермо во врска со Трговијата со луѓе и Трговијата со мигранти*

Споредбената анализа започнува со Конвенциите од Палермо поради тоа што кривичните дела од трговијата со луѓе се дела кои се најчесто судени од специјализираното одделение. Националниот Кривичен законик во врска со трговијата со луѓе предвидува задолжителни минимуми од 6 месеци, 4 години и 8 години, додека трговијата со деца предвидува задолжителни минимуми од 4, 8 и 10 години зависно од околностите на делото.

Бројни земји имаат сериозен пристап кон делата поврзани со ропство и тргување, што е отсликано во високите казни. На пример, Законикот на Соединетите Држави, Том 18, член 1581 го криминализира делото сторено од кој било кој држи или враќа некого во ропство. Предвидена е парична казна или затворска казна од најмногу 20 години или обете. Доколу истото дело довело до смртни последици или вклучува „киднапирање, обид за киднапирање или тешка сексуална злоупотреба или тешка сексуална злоупотреба во обид" предвидена е парична казна или затворска казна со различни можни траења, вклучувајќи и доживотен затвор.

### *Криумчарење мигранти*

Како и во поранешната југословенска Република Македонија, криумчарењето мигранти е значителен проблем и во Соединетите Држави. Законикот на САД, Том 8, член 1324 криминализира пет конкретни дела под ова кривично дело, каде казната се зголемува доколку обвинетиот намерно го поттикнувал мигрантот да влезе во земјата. Казните се

---

13 Id. страна 25.

во опсег од парични казни до максимум 20 години затворска казна. Затворска казна во кое било траење или смртна казна е дозволена кога криумчарениот мигрант умира во тек на криумчарењето. За фискалните години од 2009 до 2013, за федералните имиграциони кривични дела што опфаќаа транспорт на мигранти, но исто така и повторен влез по депортација, затворската казна во просек изнесуваше 18 месеци.[14] Иако на прв поглед се чини дека податоците од Комисијата за казнување на САД укажуваат на високи казни за овие кривични дела, во пракса има многу исклучоци што им овозможуваат на обвинетите да се спогодат за пониско обвинение со пониска казна доколку се сторители по првпат или доколку им помагаат на органите на прогонот. На пример, постои одредба „сигурносен вентил“ која им овозможува на судовите значително да ја намалат должината на затворската казна доколку обвинетиот исполнува определени услови или за првпат се јавува како сторител.

## *Трговија со малолетни лица*

Голем дел од варијациите во третманот на трговијата со луѓе во различните земји се вртат околу тоа дали тргувањето опфатило и деца и која е дефиницијата за дете. Под посебна одредба за сексуално тргување со деца, Законикот на САД член 1591 ги криминализира употребата на сила, измама, принуда или финансиските приноси од кое било дело што опфаќа сексуално тргување со малолетници. За овие дела, доколку детето е на возраст помала од 14 години предвидена е парична казна и минимум од 15 години до доживотен затвор. Доколку детето е на возраст поголема од 14, но помала од 18 години предвидена е парична казна и најмалку 10 години затворска казна. Доколку некој е вклучен во попречување на извршувањето на овие кривични одредби, тој/таа се соочува со најмногу 20 години затворска казна. За да успее во обвинението под овој член „Владата не мора да докаже дека обвинетиот знаел дека лицето нема навршено возраст од 18 години.”

Слично, согласно со хрватскиот Кривичен законик од 1998 година, изменет и дополнет во 2003, член 175 пропишува криминализација и казнување на трговијата со луѓе и ропството. Одредбата предвидува:

> *„[...] (1) Секој што, кршејќи ги правилата на меѓународното право, со употреба на сила или закана од употреба на сила, или со измама, киднапирање, злоупотреба на положбата или овластувањата бара, купува, продава, предава, транспортира, пренесува, поттикнува или посредува во купување, продавање или предавање на друго лице; или кој крие или прима вакво лице со цел да воспостави ропство или сличен однос, принудна работа и слугување, сексуална злоупотреба или нелегална трансплантација на делови од човечко тело, или кој држи лице во ропство или сличен однос, ќе биде казнет со затворска казна од една до десет години.[...]”*

Хрватскиот Кривичен законик ја зголемува казната доколку е вклучено дете и таа изнесува од 3 до 15 години. Доколку гореспоменатите дела вклучуваат поединец вклучен во криминална организација, се извршени против поголем број лица“ или предизвикале смртни последици, обвинетиот се соочува со минимална казна од 5 години, па до најмногу доживотен затвор.

14 Овие информации се од Комисијата на САД за казнување, 2009- 2013 Data files, USSCFY09-USSCFY13. Интерактивен ресурс за споредба на различните казни според видот на криминал во федералниот систем на Соединетите држави е достапен на: http://isb.ussc.gov/Login.

## ➢ *UNTOC член 5 – Криминализација на учеството во организиран криминал*

Член 5 на UNTOC се занимава со заговорот и учеството во организирана криминална група. UNTOC бара државата да го криминализира било договорот да се изврши сериозно дело [UNTOC член 5(1)(a)(i)], било учеството во активности на криминална организација [UNTOC член 5(1)(a)(ii)] или обете. Членот 5(1)(a)(i), договарање со едно или повеќе лица да се изврши сериозен криминал подразбира намерно пристапување кон договорот и намера дека договорот е направен за директно или индиректно стекнување финансиска или друг вид материјална корист. Членот 5(1)(a)(ii) се занимава со однесувањето на лице наспрема организирана група, знаејќи ги намерите на таа група.

Согласно UNTOC, организирана криминална група е структуирана група од три или повеќе лица со цел да стекнат директна или индиректна финансиска или материјална полза. Се забележува дека двете опции на криминализирање било на согласност да се учествува или само на фактичкото учество во организиран криминал често ги одразува изборите на политиките што се разликуваат меѓу земјите со континентално и со англо-саксонско право. Земјите со англо-саксонско право генерално го криминализираат чинот на заговор одделно од фактичкото учество во кривичното дело. Земјите со граѓанско право генерално бараат директно учество за да се дефинира кривична одговорност во согласност со овој член.

Во Моделот за законодавни одредби на ОН против организиран криминал, авторите нагласуваат дека криминалната група мора да е формирана за „финансиска или друг вид материјална корист“, па така терористичките и востаничките групи не може да се опфатат со оваа дефиниција доколку тие не се стремат кон финансиска или материјална добивка, иако е можно тие да се опфатени со други одредби, како во случај кога се вклучени во други кривични дела, како на пример трговија со дрога.[15]

Во различни земји има големи разлики меѓу дефинициите за организирана криминална група. Водичот за модел за законодавни одредби на ОН[16] наведува неколку примери за тоа како се дефинира организираниот криминал во разни земји. Членот 394 од националниот Кривичен законик ги дефинира кривичните дела на криминалната организација и нивото на казнивост врз основа на личната инволвираност и пропишува опсег на казни од 6 месеци до 10 години. Секој што на органите на прогонот ќе им открие злосторничко здружување пред организираната група да изврши кривично дело ќе добие ослободителна пресуда.

Некои земји имаат дефиниции на различни видови организирани криминални групи и казната за вклученост во тие групи варира зависно од видот на организираната група, како и од нивото на фактичко учество на лицето во групата. На пример, Кривичниот законик на Албанија прави разлика меѓу криминална организација (член 333) и воспоставена структуирана криминална група (член 333А). Казната варира зависно од вклученоста на поединецот во овие две групи. За оние кои основаат или предводат криминална

15 Види страна 8, Model Legislative Provisions against Organized Crime, UN, 2012
http://www.unodc.org/documents/organized-crime/Publications/Model_Legislative_Provisions_UNTOC_Ebook.pdf
16 Водичот е достапен на
http://www.unodc.org/documents/organized-crime/Publications/Model_Legislative_Provisions_UNTOC_Ebook.pdf

организација казната е во опсег од 5 до 15 години, додека за учеството во ваква група се предвидува затворска казна од 4-8 години. Доколку во кој било вид на организација е вклучено и огнено оружје казните се зголемуваат за 1/3. Кај воспоставената структуирана група, оние што ја основале или ја предводат таквата група се соочуваат со казна од 3-8 години, додека оние што учествуваат во истиот вид група добиваат казна од 2-5 години. Дополнителни осудителни пресуди и казни се предвидени доколку дефинираната група навистина изврши кривично дело. Во тие случаи, се додаваат пет дополнителни години за казната за основното кривично дело, при што не се надминува максимумот дозволен со закон. Натаму, албанскиот Кривичен законик предвидува дека организирањето или предводењето криминална организација заради нелегално производство или трговија со наркотици може да доведе до казна од 10 до 20 години.

Друг пристап што го користат некои земји е да се дефинираат кривични дела и казни врз основа на нивото на вклученост на поединецот во кривичното дело. На пример, според бугарскиот Кривичен законик, член 20, се прават разлики меѓу сторители, поттикнувачи и помагачи, како што е дефинирано подолу:

> *„Член 20*
> *(1) Соучесници во вршењето на криминал со умисла се: сторители, поттикнувачи и помагачи.*
> *(2) Сторител е лице што учествува во самото извршување на криминалот.*
> *(3) Поттикнувач е лице што поттикнува друг да изврши криминал.*
> *(4) Помагач е лице што намерно го помага извршувањето на кривично дело преку совети, објаснувања, ветувања дека ќе даде помош по извршувањето, отстранување пречки, снабдување со средства или на кој и да е друг начин.”*

Согласно бугарскиот Кривичен законик, кривичната одговорност варира зависно од нивото на вклученост на лицето. Според членот 21, оние кои основаат или предводат организирана криминална група се соочуваат со затворска казна од 3 до 5 години. Учеството, но без предводење или организирање на истата група предвидува само 1-6 години. Во случај на вооружена сила, поединците што ја предводат групата може да добијат казна од 5 до 15 години, додека оние што само учествуваат добиваат 3-10 години.

Друг пристап е оној што го користат САД според нивниот федерален законик што прави разлика меѓу главни сторители (првообвинети) и помагачи по извршувањето на делото (Законик на САД, Том 18, членови 2 и 3) и ги варира казните во зависност од вклученоста во кривичното дело. Согласно Законикот на САД, казните за помагачите/соучесниците по извршувањето на делото се следниве:

> *„[...] Освен кога со акт на Конгресот е изрично предвидено поинаку, соучесникот по извршувањето на делото ќе добие затворска казна не повисока од една половина од максималната затворска казна или (без оглед на член 3571) ќе биде парично казнет со не повеќе од една половина од максималната парична казна пропишана за казнување на главниот сторител, или обете; или доколку првообвинетиот може да се казни со доживотен затвор или смртна казна, помагачот/соучесникот ќе добие казна не поголема од 15 години.[...]”*

### ➢ *UNTOC член 6 – Криминализирање на перењето на приносите од криминал*

UNTOC член 6 конкретно се занимава со перењето пари. Националниот Закон за судовите и Кривичниот законик го вградуваат член 6 од UNTOC во домашното право на земјата. Според членот 272 од Кривичниот законик за делата од сферата на перењето пари се предвидени казни во опсег од три месеци до 10 години, а одговорните правни лица се казнуваат парично.

**Табела 11. Член 231 за перење пари од Кривичен законик на Србија**

| Дефинирано кривично дело | Казна за престап |
|---|---|
| (1) Конверзија или пренесување имот знаејќи дека доаѓа од кривично дело, „со намера да се сокрие или лажно да се претстави незаконитото потекло на имотот” | 6 месеци до 5 години затворска казна<br>Заплена на пари или имот |
| (2) доколку парите во став (1) надминуваат 1,500 динари | 1 до 10 години затворска казна<br>Заплена на пари или имот |
| (3) Доколку во делото 1 или 2, лицето “можело да знае или требало да знае дека имотот претстава принос стекнат со казниво дело” | До најмногу 3 години затворска казна<br>Заплена на пари или имот |
| (4) Службеник на правно лице што сторило престап | Заплена на пари или имот |

Хрватскиот Кривичен законик од 1998 година, со измените и дополнувањата до 2003 година, предвидува сличен аранжман на оној од членот 279 од српскиот Кривичен законик. Хрватскиот законик пропишува:

**Табела 12. Хрватски Кривичен законик за перење пари**

| Дефинирано кривично дело | Казна за престап |
|---|---|
| (1) Секој кој во банкарски, финансиски или други економски операции инвестира, презема, разменува или на друг начин го крие вистинскиот извор на парите, предметите или правата стекнати со пари за кои знае дека се стекнати по пат на кривично дело: шест месеци до пет години. | 6 месеци до 5 години затворска казна<br>Се одземаат парите или имотот |
| (2) За оние кои го поседуваат имотот споменат во став (1) и го знаат неговото потекло: шест месеци до пет години. | 6 месеци до 5 години затворска казна<br>Се одземаат парите или имотот |
| (3) Секој што извршил кривично дело од став 1 и 2 од овој член како припадник на група или криминална организација ќе се казни со затворска казна од една до десет години | 1 до 10 години затворска казна<br>Се одземаат парите или имотот |
| (4) Небрежност во поглед на потеклото на имотот: | 3 месеци до 3 години затворска казна<br>Се одземаат парите или имотот |

### ➢ *UNTOC член 8 – Криминализација на корупцијата*

Член 8 од UNTOC конкретно се занимава со корупција на службени лица. Кривичните дела во оваа категорија се занимаваат со прифаќање поткуп или прифаќање пари за незаконито влијание или давање поткуп. Табела 14 подолу покажува некои варијации кај кривичните законици меѓу 3 земји од поранешна Југославија, имено поранешната Југословенска Република Македонија, Хрватска и Србија. Пристапите и казните на поранешните југословенски републики се впечатливо слични, што можеби се должи на времето на усвојување и заедничките особености на регионот. Овие законици разликуваат дали службеното лице, кое е поткупено или кое е под незаконито влијание, делува во рамки на своите службени должности или надвор од нив.

За споредба, Законикот на САД е донекаде поинаков по тоа што прави разлика дали делата се извршени коруптивно или не. За делата каде корупцијата не е докажана се предвидени пониски казни. Законот на САД дозволува парични казни врзани со вредноста на парите што се вклучени во кривичното дело. Понатаму, казнувањето може да биде парична казна, затворска казна, или обете. Кога за коруптивните дела е предвидена затворска казна, задолжителните минимуми се забележливо подолги од оние во поранешните југословенски републики. Кога делата се извршени коруптивно, при досудувањето на затворска казна, кривично обвинетите според Законикот на САД се соочуваат со минимум од 15 години за примање и давање поткуп и за незаконито влијание. Ваквите строги казни може да ја отсликуваат долгата и тешка историја на САД со организираниот криминал. Доколку поткупот не вклучува коруптивни акти, тогаш обвинетите може да добијат максимална казна од само 2 години.

**Табела 13. Споредба на кривичните законици за корупција**

| UNTOC Член 8 | Национален Кривичен законик | Кривичен законик на Хрватска | Кривичен законик на Србија | Законик на САД Глава 8 кривични дела и кривична постапка USC Глава 18 член 201 |
|---|---|---|---|---|
| Примање поткуп | Член 357<br>▪ 3 м. - 10 години<br>Варијациите зависат од тоа дали службеното лице врши должност што треба или не треба да ја врши<br>▪ Парична казна за правно лице | Член 347<br>▪ 6 м. – 8 години<br>Варијации исти како во поранешната југословенска Република Македонија | Член 367<br>▪ 2 до 12 години за поткуп за службено дејствие што не треба да се изврши<br>▪ 2-18 доколку поткупот е за службено дејствие што треба да се изврши<br>▪ 3-15 години доколку опфаќа работа за некој што го спроведува законот | Член 201<br>▪ Доколку дејствијата се извршени „коруптивно“: Парична казна од најмногу 3 x паричен еквивалент на вредноста или затворска казна од ≤15 години или обете и може да се дисквалификува од вршење службени функции во САД.<br>▪ Доколку дејствијата не се извршени „коруптивно“: затвор од најмногу 2 години, парична казна или обете |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Прифаќање награда за незаконито влијание | Член 359<br>▪ 1-10 години<br>▪ Парична казна за правно лице | | Член 366<br>▪ 6 месеци до 5 години | Член 201<br>▪ Доколку дејствијата се извршени „коруптивно“: Парична казна од најмногу три пати над паричниот еквивалент на вредноста или затворска казна од ≤15 години или обете и може да биде дисквалификуван од вршење службена функција во САД.<br>▪ Доколку дејствијата не се извршени „коруптивно“: затвор од најмногу 2 години, парична казна или обете |
| Давање поткуп | Член 358<br>▪ 1-5 години<br>▪ Парична казна за правно лице | Член 348<br>▪ 3 месеци до 3 години доколку службеното лице треба да го изврши дејствитето<br>▪ 6 месеци до 5 години доколку службеното лице не треба да го изврши дејствието | Член 368<br>▪ 6 месеци до 5 години за службено дејствие што не треба да се изврши<br>▪ Најмалку 3 години за службено дејствие што треба да се изврши | Член 201<br>▪ Доколку дејствијата се извршени „коруптивно“: Парична казна од најмногу три пати над паричниот еквивалент на вредноста или затворска казна од ≤15 години или обете и може да се дисквалификува од вршење службена функција во САД.<br>▪ Доколку делата не се извршени „коруптивно“: затворска казна од најмногу 2 години, парична казна или обете. |

## ➢ *UNTOC член 23 – Криминализација на попречувањето на правдата*

UNTOC член 23 се занимава со попречување на правдата во сите владини постапки поврзани со престапи според членовите 5, 6, 8, и 23 од UNTOC и со други сериозни кривични дела и престапи поврзани со протоколите. Членот 23(а) од UNTOC се однесува на употребата на сила, закана, заплашување, ветување, понуда или неоснована предност на лице. Однесувањето мора да е со умисла, со цел да се добие лажно сведочење. Член

23(b) се однесува на употребата на сила, закани или заплашување со цел да се попречи работата на органите за спроведување на законите, обвинителството или судските власти.

**Табела 14. Споредба на Кривичните законици за попречување на правдата**

| UNTOC Член 23 | Национален Кривичен законик | Кривичен законик на Хрватска | Кривичен законик на Србија | Законик на САД Глава 8 кривични дела и кривична постапка USC Глава 18 член 201 |
|---|---|---|---|---|
| Незаконито влијание врз сведоци | Член 368-а<br>▪ 1-10 години | Член 209<br>▪ 1-5 години | Член 336b<br>▪ Не повеќе од 3 години доколку вклучува судија или судски службеник.<br>▪ 6 месеци до 5 години доколку вклучува обвинител<br>▪ 1-8 години доколку вклучува оружје<br>▪ 2-8 години доколку има тешка телесна повреда | Член 201<br>▪ Доколку делата се направени „коруптивно“: Парична казна од најмногу три пати над паричниот еквивалент на вредноста или затворска казна од ≤15 години или обете и може да се дисквалификува од вршење службена функција во САД.<br>▪ Доколку дејствијата не се извршени „коруптивно“: затворска казна од најмногу 2 години, парична казна или обете. |

Други земји имаат малку поинаков пристап од оној на поранешната југословенска Република Македонија. Членот 423 од Кривичниот законик на Канада (1985 г.) предвидува кривично дело на заплашување на група луѓе или на јавноста со цел попречување на примената на кривичната правда, на учесник во правосудниот систем со цел попречување на неговите должности, или на новинар со цел спречување на пренесувањето информации. Законикот, исто така, наведува конкретни видови однесување, како што се насилство, закани, повторено следење на лице или повторена комуникација и набљудување на лице. Казната согласно со оваа одредба од Законикот изнесува најмногу 14 години.

Членот 434-8 од Францускиот законик од 2000 година го криминализира сличното однесување чија цел е „влијание“ врз должностите на службеник на правосудниот систем. За ова дело е предвидена казна од 2 години и парична казна од 30.000 евра. Доколку заплашувањето вклучува и смртна закана или закана по имотот, казната се зголемува на 5 години и 75.000 евра. Доколку заплашувањето се користи за службеното лице да ги злоупотреби своите овластувања, казната е 10 години затворска казна и парична казна од 150.000 евра. Помала казна од 3 години и 45.000 евра се предвидува доколку заканите или постапките се користат за некој да се убеди лажно да сведочи или да поднесе лажни докази. Член 11 од UNTOC предвидува дека при казнувањето треба да се земат предвид отежнувачките и олеснувачките фактори при попречувањето на правдата.

## *Завршни согледувања*

Специјализираното одделение е фокусирано да постапува по предмети што вклучуваат организиран криминал и корупција. Иако Одделението има надлежност над широк

спектар дела, најголем дел од неговата работа се однесува на предмети во кои обвинетите се осудени за криумчарење мигранти. Анализата откри дека казните на Одделението за овие кривични дела се малку под просечните за нив пропишани минимуми. Одделението и креаторите на политиките **треба да ги разгледаат своите постапки и процеси во однос на казните за овие кривични дела и да се погрижат казните да се доследни на целите на пропорционалност при казнувањето, одвраќањето и задоволување на правда.** Компаративната анализа, општо земено, покажува дека **пристапот на земјата кон организираниот криминал и корупцијата е во согласност со мандатите на UNTOC** и е сличен со праксите на други земји во регионот.

Вреди да се забележи дека земјата има едно Одделение што суди по сите предмети што вклучуваат организиран криминал и корупција. Ова обезбедува дека обвинетите и предметите се слично третирани ширум целата земја и одбегнува некои од проблемите што се јавуваат во други земји каде националното право се применува различно, во зависност од местото на сторување на кривичното дело.

Иако оваа анализа дава информации во поглед на практиката на Одделението, **самото Одделение треба и натаму да прибира податоци за своите предмети и да ги анализира своите практики и по воведувањето на постапката за спогодување за вината, а и понатаму во иднина.**

# Прилози

## Прилог 1: Прашалник

## Прилог 2: Број и процент од обвинетите, според кривичната пресуда

## Прилог 3: Број и процент од обвинетите, според должината на затворската казна

# Прилог 1: Прашалник

Organization for Security and Co-operation in Europe
Mission to Skopje

Rating Agency

## ФОРМУЛАР ЗА ПРАВОСИЛНИ ПРЕСУДИ ЗА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

**КОК БР.**__________________

Основен суд Скопје 1 Скопје - специјализирано судско одделение за судење дела од областа на организиран криминал и корупција

а) вкупно обвинети _________   б) обвинет бр._______

**1** **Вид на кривично дело** (Внесете го членот и ставот од КЗ)

___________________________________________________________________________

**2** **Предвидена казна според закон** (се заокружува само еден понуден одговор. Ако предвидената казна не е во понудените одговори, тогаш се запишува детално под "36. Друго")

1. Најмалку една година затвор до 15 години
2. Најмалку три години затвор до 15 години
3. Најмалку четири години затвор до 15 години
4. Најмалку пет години затвор до 15 години
5. Најмалку осум години затвор до 15 години
6. Најмалку десет години затвор до 15 години
7. Најмалку десет години или со доживотен затвор
8. Затвор од три месеци до три години
9. Затвор од три месеци до пет години
10. Затвор од шест месеци до три години
11. Затвор од шест месеци до три години и со парична казна
12. Затвор од шест месеци до пет години
13. Затвор од шест месеци до пет години и со парична казна
14. Затвор од една година до пет години
15. Затвор од една година до пет години и со парична казна
16. Затвор од една година до осум години
17. Затвор од една година до десет години
18. Затвор од три години до пет години
19. Затвор од три години до осум години

20. Затвор од три години до десет години
21. Затвор од пет години до осум години
22. Затвор од пет години до десет години
23. Парична казна
24. Со парична казна или затвор до три месеци
25. Со парична казна или со затвор од три месеци до една година
26. Со парична казна или со затвор од шест месеци
27. Со парична казна или со затвор од шест месеци до пет години
28. Со парична казна или со затвор од една година
29. Со парична казна и затвор од една година до пет години
30. Со парична казна или со затвор до три години
31. Парична казна или затвор од најмалку три години
32. Парична казна и затвор најмалку четири години
33. Забрана на вршење професија, дејност или должност
34. Забрана на управување на моторно возило
35. Протерување странец од земјата
36. Друго________________________________________________________

3 **Досудена казна (ПРВ СТЕПЕН)**
(Се заокружува и се допишуваат детали од пресудата)

1. Осудителна пресуда казна затвор ________________________________
2. Осудителна пресуда парична казна ________________________________
3. Алтернативна мерка ______________________________________________
4. Ублажување на казната ___________________________________________
5. Ослободителна пресуда
6. Одбивателна пресуда
7. Спогодување за кривичната санкција _________________________________
8. Изводоци од образложението во врска со досудената казна _______________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________

4 **Досудена казна (ВТОР СТЕПЕН)**
(Се заокружува и се допишуваат детали од пресудата)

1. Осудителна пресуда казна затвор ________________________________
2. Осудителна пресуда парична казна ________________________________
3. Алтернативна мерка ______________________________________________

4. Ублажување на казната ________________________________________________

5. Ослободителна пресуда
6. Одбивателна пресуда
7. Извадоци од образложението во врска со досудената казна ________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**5 Олеснувачки околности** (може да се заокружат повеќе понудени одговори)

1. Лични прилики на обвинетиот (возраст, материјална положба, невработен, итн)
2. Семејни прилики на обвинетиот (семеен човек, сопруг, родител, должен да се грижи за семејството и да го издржува, единствен хранител, итн)
3. Досегашната неосудуваност
4. Не се води постапка за други кривични дела
5. Отсуство на штетни последици
6. Оштетениот не бара штета и не се приклучува кон кривичен прогон
7. Придонес на оштетениот за случување на делото (дела од областа на сообраќајот)
8. Признание на обвинетиот, изразено чувство на вина и каење
9. Делото е сторено од небрежност

**6 Отежнувачки околности** (може да се заокружат повеќе понудени одговори)

1. Опасноста од таков вид на кривични дела
2. Зачестеноста на извршувањето на делата
3. Степенот на кривичната одговорност на обвинетиот
4. Начинот на извршувањето на кривичното дело
5. Упорноста при извршување на делото
6. Последиците од делото
7. Поранешната осудуваност
8. Специјален повратник
9. Се водат постапки за други кривични дела
10. Други отежнувачки и олеснувачки околности________________________________

# Прилог 2. Број и процент на обвинети претставени по вид кривично дело

| ВИД КРИВИЧНО ДЕЛО | % ОД ВКУПНИОТ БРОЈ ОБВИНЕТИ | БРОЈ ОБВИНЕТИ |
|---|---|---|
| 418б/2 | 16.30% | 183 |
| 215/3 | 8.40% | 94 |
| 215/2 | 7.00% | 79 |
| 418в/2 | 4.20% | 47 |
| 418б/4 | 3.40% | 38 |
| 394/2, 353/5 | 3.40% | 38 |
| 353/5 | 3.10% | 35 |
| 418б/1 | 2.90% | 33 |
| 394/2, 357/2 | 2.70% | 30 |
| 418в/1, 418б/1 | 2.50% | 28 |
| 394/1, 357/1 | 2.30% | 26 |
| 353/3 | 2.30% | 26 |
| 418б/2, 418в/2 | 2.10% | 24 |
| 357/1 | 2.00% | 22 |
| 279/2 | 2.00% | 22 |
| 394/2, 396/2 | 1.80% | 20 |
| 394/1, 361/3 | 1.40% | 16 |
| 418г/2 | 1.40% | 16 |
| 418г/1 | 1.30% | 15 |
| 273/5, 253/3 | 1.20% | 14 |
| 394/2, 60, 285/1 | 1.20% | 14 |
| 258/2 | 1.20% | 13 |
| 394/2 | 1.10% | 12 |
| 273/5 | 1.10% | 12 |
| 394/2, 60 | 0.80% | 10 |
| 215/1 | 0.80% | 9 |
| 365/2 | 0.80% | 9 |
| 418д/3 | 0.70% | 8 |
| 273/1 | 0.70% | 8 |
| 359/1 | 0.70% | 8 |
| 418в/1 | 0.60% | 7 |
| 276/1 | 0.60% | 7 |
| 353/4 | 0.50% | 6 |
| 273/2 | 0.50% | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| **353в/3** | 0.50% | 6 |
| **357/2** | 0.50% | 6 |
| **368а/1** | 0.50% | 6 |
| **394/2, 278/2** | 0.50% | 6 |
| **418в/1, 418г/2** | 0.50% | 6 |
| **249/2** | 0.40% | 5 |
| **353/3, 396/1** | 0.40% | 5 |
| **354/3** | 0.40% | 5 |
| **394/1** | 0.40% | 5 |
| **394/1, 261/3** | 0.40% | 5 |
| **394/1, 396/2** | 0.40% | 5 |
| **418б/1, 418б/4** | 0.40% | 5 |
| **357/1, 394/2** | 0.40% | 5 |
| **327/2** | 0.40% | 4 |
| **353/1** | 0.40% | 4 |
| **353/2** | 0.40% | 4 |
| **361/1** | 0.40% | 4 |
| **396/3** | 0.40% | 4 |
| **418б/2, 418б/1** | 0.40% | 4 |
| **418б/3, 418в/1** | 0.40% | 4 |
| **418б/1, 418в/2** | 0.40% | 4 |
| **123/2** | 0.30% | 3 |
| **141/2** | 0.30% | 3 |
| **378/3** | 0.30% | 3 |
| **394/1, 215/3** | 0.30% | 3 |
| **418/2** | 0.30% | 3 |
| **418а/1** | 0.30% | 3 |
| **418а/1, 2, 3** | 0.30% | 3 |
| **237/3, 292/1, 288/3** | 0.30% | 3 |
| **418б/1, 418в/1, 358/1** | 0.30% | 3 |
| **418г/3** | 0.30% | 3 |
| **353/4, 273/2** | 0.20% | 3 |
| **215/2, 396/2** | 0.20% | 2 |
| **247/3** | 0.20% | 2 |
| **251/5** | 0.20% | 2 |
| **313** | 0.20% | 2 |
| **378/3, 394/2** | 0.20% | 2 |
| **394/1, 60, 285/1** | 0.20% | 2 |
| **394/2, 357/1** | 0.20% | 2 |
| **415б/2** | 0.20% | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| **418а/2** | 0.20% | 2 |
| **418б/4, 418в/2** | 0.20% | 2 |
| **394/2, 59, 60, 285/1** | 0.10% | 1 |
| **191/1** | 0.10% | 1 |
| **215/2, 215/1, 396/1** | 0.10% | 1 |
| **236/3** | 0.10% | 1 |
| **247/4** | 0.10% | 1 |
| **261/3** | 0.10% | 1 |
| **272/5** | 0.10% | 1 |
| **273/2, 247/4, 273/5** | 0.10% | 1 |
| **273/2, 249/1** | 0.10% | 1 |
| **273/3** | 0.10% | 1 |
| **278/3, 278/2** | 0.10% | 1 |
| **278/3, 358/1** | 0.10% | 1 |
| **279/2, 273/1** | 0.10% | 1 |
| **353/1, 353/5** | 0.10% | 1 |
| **353/4, 273/1** | 0.10% | 1 |
| **353/4, 273/5** | 0.10% | 1 |
| **353/4, 378/3** | 0.10% | 1 |
| **353/5, 353/3** | 0.10% | 1 |
| **353б/1** | 0.10% | 1 |
| **357/1, 396/2** | 0.10% | 1 |
| **358/1** | 0.10% | 1 |
| **359/2** | 0.10% | 1 |
| **363/2** | 0.10% | 1 |
| **364/2** | 0.10% | 1 |
| **378/1** | 0.10% | 1 |
| **394/1, 353/4, 285/1** | 0.10% | 1 |
| **394/1, 357/2** | 0.10% | 1 |
| **394/1, 288/1** | 0.10% | 1 |
| **394/2, 288/1** | 0.10% | 1 |
| **396** | 0.10% | 1 |
| **418б/2, 418в/2, 396/2** | 0.10% | 1 |
| **418б/4, 418в/1** | 0.10% | 1 |
| **418б/4, 418в/4** | 0.10% | 1 |
| **Нема одговор** | 0.20% | 2 |
| **Вкупно** | **100%** | **1125** |

# Прилог 3: Број и процент на обвинети претставени според должината на затворската казна

| ДОСУДЕНА ЗАТВОРСКА КАЗНА ВО ПРВ СТЕПЕН | % ОД ВКУПНИОТ БРОЈ ОБВИНЕТИ | БРОЈ ОБВИНЕТИ |
|---|---|---|
| 1 година | 13.8% | 128 |
| 2 години | 8.6% | 80 |
| 4 години | 8.3% | 77 |
| 3 години | 6.8% | 63 |
| 6 години | 6.6% | 60 |
| 1 година и 6 месеци | 5.1% | 47 |
| 5 години | 4.8% | 45 |
| 2 години и 6 месеци | 3.4% | 31 |
| 10 години | 3.0% | 27 |
| 7 години | 2.7% | 25 |
| 3 години и 6 месеци | 2.5% | 23 |
| 6 месеци | 2.5% | 23 |
| 8 години | 2.4% | 22 |
| 1 година и 3 месеци | 2.2% | 20 |
| 4 години и 6 месеци | 2.2% | 19 |
| 10 месеци | 2.0% | 18 |
| 6 години и 6 месеци | 1.9% | 18 |
| 2 години и 3 месеци | 1.4% | 13 |
| 7 месеци | 1.5% | 13 |
| 5 години и 6 месеци | 1.3% | 12 |
| 9 години | 1.3% | 12 |
| 1 година и 8 месеци | 1.1% | 10 |
| 15 години | 1.0% | 9 |
| 8 месеци | 0.9% | 8 |
| 13 години | 0.8% | 7 |
| 7 години и 6 месеци | 0.7% | 7 |
| 11 години | 0.5% | 5 |
| 3 години и 200.000 денари | 0.5% | 5 |
| 3 месеци | 0.5% | 5 |
| условна казна | 0.5% | 5 |
| 1 година и 2 месеци | 0.4% | 4 |
| 12 години | 0.4% | 4 |
| 2 години и 123.000 денари | 0.4% | 4 |
| 2 години и 1 месец | 0.4% | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 години и 6 месеци | 0.4% | 4 |
| 10 години и 6 месеци | 0.3% | 3 |
| 5 месеци | 0.3% | 3 |
| 9 месеци | 0.3% | 3 |
| доживотен затвор | 0.3% | 3 |
| 1 година и 10 месеци | 0.2% | 2 |
| 1 година и 4 месеци | 0.2% | 2 |
| 11 години и 6 месеци | 0.2% | 2 |
| 14 години и 6 месеци | 0.2% | 2 |
| 2 години и 2 месеци | 0.2% | 2 |
| 2 години и 5 месеци | 0.2% | 2 |
| 2 години и 8 месеци | 0.2% | 2 |
| 3 години + 19.365.820 денари | 0.2% | 2 |
| 3 години и 3 месеци | 0.2% | 2 |
| 4 години и 3 месеци | 0.2% | 2 |
| 5 години + 22.888.918 денари | 0.2% | 2 |
| 5 години и 300.000 денари | 0.2% | 2 |
| 6 месеци и парична казна | 0.2% | 2 |
| поништена | 0.2% | 2 |
| условна казна 2 години за 5 години | 0.2% | 2 |
| 1 година и 1 месец | 0.1% | 1 |
| 1 година и 5 месеци | 0.1% | 1 |
| 1 година и парична казна | 0.1% | 1 |
| 13 години и 6 месеци | 0.1% | 1 |
| 14 години | 0.1% | 1 |
| 2 години и 100.000 денари | 0.1% | 1 |
| 2 години и 3 години забрана за вршење професија, дејност или должност | 0.1% | 1 |
| 2 години и 4 месеци | 0.1% | 1 |
| 3 години и 123.000 денари | 0.1% | 1 |
| 3 години и 172.200 денари | 0.1% | 1 |
| 3 години и 10 месеци | 0.1% | 1 |
| 3 години и 5 месеци | 0.1% | 1 |
| 3 години и 6 месеци и 100.000 денари | 0.1% | 1 |
| 4 години и 270.600 денари | 0.1% | 1 |
| 4 години и 300.000 денари | 0.1% | 1 |
| 4 години и 4 месеци | 0.1% | 1 |
| 4 години и 5 месеци | 0.1% | 1 |
| 4 години и протерување на странец на 1 година | 0.1% | 1 |
| 5 години и 190.293 денари | 0.1% | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 години и 3 месеци | 0.1% | 1 |
| 6 години и 2 месеци | 0.1% | 1 |
| 6 години и 4 месеци | 0.1% | 1 |
| 6 години и 5 месеци | 0.1% | 1 |
| 6 години и 9 месеци | 0.1% | 1 |
| 7 години и 3 месеци | 0.1% | 1 |
| 7 години и 7 месеци | 0.1% | 1 |
| запрена | 0.1% | 1 |
| раздвоена | 0.1% | 1 |
| условна казна и протерување на странец на 10 години | 0.1% | 1 |
| условна казна и протерување на странец од земјата засекогаш | 0.1% | 1 |
| **Вкупно** | **100%** | **929** |

Lydia Brashear Tiede

# ASSESSMENT OF THE SENTENCING POLICY FOR ORGANIZED CRIME AND CORRUPTION

Skopje, 2015

# Purpose of the Study

This assessment provides an overview of the work of the Specialized Department of the Basic Court Skopje I Skopje (hereinafter "Specialized Department") dealing with organized crime and corruption throughout the former Yugoslav Republic of Macedonia. The Specialized Department was created in 2007 under the Law on Courts, Article 32[1]. The Specialized Department applies the Law on Courts, the national Criminal Code[2] and the Law on Criminal Procedure[3] as related to organized crime and corruption. The analysis focuses on the work of the Specialized Department from 2007 until early 2014. The study seeks to evaluate the work of this Specialized Department regarding the types of cases adjudicated and the type and distribution of sentences related to these cases.

